**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**
ул. „ Мајка Тереза 1/2" , Скопје
Тел. +389 2 155 66

**ДО**
**МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД Скопје**
ул. Орце Николов бр.75
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Друштво за осигурување
ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД
Бр. 03-26627
11 07 2025 год.
СКОПЈЕ

**ОД**
**Друштво за осигурување**
**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**
ул.Мајка Тереза бр.1 влез 2
1000 Скопје
Република Северна Македонија

***Предмет:*** Известување на јавноста согласно чл.166-б од Законот за хартиите од вредност

Почитувани,

Со овој допис Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје (во понатамошниот текст "***Друштвото***"), во согласност со обврската за известување на јавноста, определена во членот 166-б став 1 алинеја 1 од Законот за хартиите од вредност, Ве известува дека на ден 26.06.2025 година се одржа Годишно собрание на акционери на Друштвото на кое беа усвоени Годишната сметка на Друштвото за деловната 2024 година и Извештајот за извршена ревизија на Годишната сметка и Финансиските извештаи од страна на надворешните ревизори за деловната 2024 година.

Следствено, Друштвото известува и ги објавува следните податоци:

- приходите (вкупно) остварени во 2024 година, изнесуваат вкупно 793.454.713,00 МКД,
- добивката од редовното работење пред оданочување изнесува 2.418.703 МКД,
- добивка за финансиската година, по пресметаниот данок на добивка изнесува 1.363.997,00 МКД,
- нето готовински тек, 3.740.289.254,00 МКД,
- добивка за финансиската година по акција, изнесува 0,61 мкд,
- Друштвото нема да исплати дивиденда. Со оглед дека Друштвото има акумулирано загуба од претходните години, добивката ќе се искористи за покривање на истата.

Дополнително, во согласност со обврската за известување на јавност определена во членот 166-б став 4 од Законот за хартиите од вредност, во прилог на овој допис го доставуваме Извештајот за извршена ревизија на Годишната сметка и Финансиските извештаи за деловната 2024 година на Друштвото, подготвен од страна на надворешните ревизори, за објавување на интернет страницата на Македонска берза АД Скопје.

Со почит.

Скопје, 10.07.2025 година

**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД * СКОПЈЕ *

Ило Ристовски, Генерален директор